До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за насоки за постапување преку контакт формата на web страна на Државната комисија.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Со член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се предвидени забрани за вршење на други дејности кај избраните и именуваните лица и тоа:
„(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Согласно член 49 став (1) и (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(1) Избрано или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал, освен ако со закон не е поинаку утврдено.
(2) Вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.“

**Имено, согласно цитираните законски одредби, Државната комисија извести дека едно лице ако е именувано/избрано за вршење на функција член на орган на управување на јавно претпријатие основано од страна на локална самоуправа согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не може истовремено да извршува функција на член на орган на управување или надзорен орган во друго правно лице кое располага со државен капитал.**

Од друга страна, согласно член 49 став (2) од истиот Закон, вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија,

агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал, обврска која се однесува на сите вработени во јавниот сектор и на локално и на централно ниво.

Во врска со прашањето кое се однесува на пензионирани лица, Државната комисија извести дека истите не се службени лица според член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор“, и не се опфатени со забраните предвидени со Законот, па Државната комисија нема надлежност да дава мислење за нивното вклучување во органи на управување или надзор.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk